

# Проект : Е – бизнис клуб

## Канцеларија за кариера и алумни клуб

Изработиле:
Душан Миланов
М-р Златко Бежовски

Датум
10.02.2012

## Вовед:

Креативноста и технологијата во последните 10-на години честопати се поврзуваат со креирањето на оригинални концепти за бизниси на интернет кои што можат да носат голем профит. Примери за такви оригинални концепти се MySpace, Facebook, LinkedIn, Google, итн. За почнување на овие бизниси се потребни релативно мали средства за влог, а доколку се поседува оригинален концепт, знаење и се работи истрајно на развивањето на идејата можно е да креираат бенефит, не само за основачот, туку и за поширока група на учесници, поддржувачи и заедницата.

Имајќи ги во предвид овие елементи, и повикувајќи се на искуствата (пр. Македонија[1], Гана[2]), Канцеларијата за кариера и алумни клуб поднесе иницијатива на 23 Септември 2011 за формирање на Е-бинис клуб при УГД. Примерите кои што се земени, се веќе развиени инкубатори кои имаат приоритет развивање на интернет бизниси (on-line) и можат да бидат пример и насока како би можел да се развива клубот и што би можел да постигне со добра стратегија и водство.

---

[1] http://www.yesincubator.org.mk/Default.aspx?r=6&l=63&c=22

[2] http://goo.gl/0GjFh

## Функционирање на Е-бизнис клубот

Е-Бизнис Клубот функционира како мрежа на членови (online и offline) кои преку практична работа на сопствени веб проекти ќе стекнуваат знаења и искуства од областа на електронскиот бизнис, е-трговијата и интернет маркетингот, а сè со крајна цел да формираат сопствени онлајн бизниси, да се самовработат или евентуално да ги зголемат своите шанси за пронаоѓање на соодветно вработување во други компании.

## Некои од целите на клубот се:

- стекнување на практични знаења и вештини од областа на е-бизнисот

- креирање на мрежа на студенти кои меѓусебно ќе си помагаат, поддржуваат и разменуваат искуства

- поврзување на студентите со компании и авторитети од областа на е-бизнисот

- креирање на претприемнички дух

- самовработување

- можност за креирање на онлајн бизнис

## Целни групи:

- Примарна: дипломирани и тековни студенти на следните факултети: Економски , Информатика, Туризам, Филолошки, ФПТН;

- Секундарна: дипломирани и тековни студенти на другите факултети при УГД

- Терцијарна: млади невработени лица на територија на општина Штип

## Потребни ресурси:

- Под домеин за клубот (http://eclub.ugd.edu.mk/)

- Просторија за неформални состаноци (Канцеларија за кариера и алумни клуб.)

- Компјутерска училница (Факултет за информатика - попладне)

- Промовирање на клубот преку УГД-ФМ

## Буџет:

Во првите 6 месеци од постоењето наклубот не се предвидени никакви трошоци во врска со неговото функционирање.

За одредени активности за кои ќе има потреба од финансиски средства, како и други ресурси како на пример простории опрема и човечки капитал, клубот планира да поднесе апликации за грант од Европски или други достапни проекти.